Број 109 Октомври 2021

# S-WORK






# СТАР-СТАР обезбеди **бесплатни брзи антигенски тестови** за детекција на коронавирус за сексуалните работници

Во рамки на грижата и поддршката за заедницата, СТАР-СТАР обезбеди бесплатни брзи антигенски тестови за детекција на коронавирус. Овие тестови се наменети за сексуалните работници кои немаат можност да се тестираат во јавните и приватните здравствени установи и лаборатории, а со цел заштита на личното и јавното здравје и спречување на ширењето на коронавирусот и пандемијата на КОВИД-19.

Во рамки на одбележувањето на 14 Септември – Меѓународниот ден на гордоста на сексуалните работници, СТАР-СТАР организираше доброволно, доверливо и бесплатно тестирање за коронавирус со брзи антигенски тестови во Скопје, Гостивар и Струмица со кое беа опфатени над 30 сексуални работници. Тестирањето се одвиваше согласно тековните препораки и протоколи со цел заштита и спречување на ширењето на коронавирусот со претходно закажување.

Тестирањето со брзите антигенски тестови преку СТАР-СТАР ќе биде достапно и во следниот период преку теренските работници во Скопје, Гостивар и Струмица со претходно закажување на телефонскиот број 070/399-199.

Целта на оваа активност е подигање на јавната свест, а особено помеѓу ранливите заедници како што се сексуалните работници, за заштитата и унапредувањето на личното и јавното здравје и заштита и спречување на ширењето на коронавирусот (SARS-Cov2) кој ја предизвикува болеста КОВИД-19.



Илустрација: Естер Шолма

# ТРАНСРОДОВА СЕКСУАЛНА РАБОТНИЧКА: **КЛИЕНТИТЕ МЕ ПРИФАЌААТ, А ОПШТЕСТВОТО МЕ ОСУДУВА!**

**1. Кога започна да се занимаваш со сексуална работа и зошто?**

Со сексуална работа започнав да се занимавам на мои 19 години, кога свесно заедно со пријателка влеговме во таа индустрија. Дојде другарката и ми кажа дека има некаква идеја која можеме лесно да ја реализираме, само треба јас да се согласам. Кога ми ја спомна сумата која треба да ја земам од клиентот без размислување прифатив. Мотивот ми беа финансиите, но и среќавањето со многу луѓе, за после одреден период да ја засакам целосно работата и да не се откажувам од истата.

**2. Какво беше  чувството кога се сретна со твојот прв клиент?**

Искрено ми беше малку страв да не биде тоа некој кој го познавам бидејќи живееме во осудувачко општество. Но, за среќа првиот клиент не го познавав. Малку ми беше срам, но помина сѐ најдобро.

**3. Колку години се занимаваш со сексуалната работа и дали клиентите ти прават проблеми дека си трансродово лице?**

Со сексуална работа се занимавам повеќе од 10 години. Клиентите кои доаѓаат кај мене имаат претстава која сум и што сум бидејќи со секое јавување јас им објаснувам дека сум трансродово лице и доколку не им пречи доаѓаат. Проблем во однос на мојот родов идентитет досега сум немала од страна на клиент.

**4. Дали некогаш си била нападната (физички, сексуално, психички)?**

Да, од прилика пред 7 години бев сексуално малтретирана (силувана) од страна на 3 клиенти кои ме присилија да имам секс со сите тројца. Беа пијани и не можев да се справам со тоа. Одма после случката се јавив кај адвокатка за да објаснам што ми се случило, но не можев да поведам постапка бидејќи еден од нив беше малолетен во тој период и адвокатката се плашеше дека ќе ја свртат целата приказна против мене.

**5. Дали работиш сама?**

До пред пандемијата работев сама, но од кога почна пандемијата работата сосема се намали и морав да барам решение во однос на месечните трошоци кои ги имам околу плаќање на кирија и режиски трошоци, па морав да се здружам со уште една сексуална работничка за да ги делиме тие трошоци. Исто така, се чувствувам побезбедно кога знам дека некој има со мене на моето работно место и доколку имам проблем може да ми пружи заштита.

**6. Дали се случило некој да побара сексуална услуга од тебе без кондом?**

Тоа се случува речиси секојдневно, но мојот став околу тоа е дека никогаш нема да добијат услуга без кондом. Бидејќи првенствено се грижам и заштитувам за моето сексуално и репродуктивно здравје, па потоа за здравјето на моите клиенти.





**7. Дали заработуваш доволно од сексуалната работа?**

До пред пандемијата слободно можам да кажам дека се заработуваше и повеќе од доволно, но со пандемијата многу работи се сменија, па и во сексуалната работа.  Јас се плашам од клиентите, тие се плашат од мене во поглед на пренесување на коронавирусот, бидејќи ниту јас знам дали тие се штитат, ниту пак тие знаат дали јас се заштитувам. Во последната година работам само со клиенти кои подолго време ги користат моите услуги.

**8. Дали некогаш си се соочила со некаква дискриминација надвор од твојата работа, поради тоа што си трансродово лице?**

И тоа многу пати. Сум се соочувала со дискриминација и навредливи зборови од страна на  државни институции. Одењето по институциите каде морам да ги покажам моите лични документи ми претставува стрес при секое одење. Еднаш, се сеќавам во банка кога ја дадов мојата лична карта бев навердувана од страна на банкарската службеничка дека сум дала фалсификуван документ за лична идентификација. Кога бев да извадам нов Извод поради промената на моето лично име и презиме наидов на потсмев од страна на раководителот на одделот. Исто така, при полициска рутинска контрола бев навредувана дека сум била родена како машко - што сега сум се правела со сила женско.

**9. Дали имаш некаква заштита, правна или здравствена?**

Правна и здравствена заштита добивам од граѓанските организации кои работат на подобрување на условите за сексуалните работници и трансродовите лица. Можам слободно да кажам дека таква заштита добивам првенствено од СТАР - Првиот колектив на сексуални работници на Балканот, потоа од Иницијативата за унапредување и заштита на правата на трансродовите лица ТрансФормА, од Коалиција Маргини, како и од организациите ХОПС и ХЕРА.

**10. Како е да се биде трансродово лице во твоето опкружување?**

Па искрено тешко е да си поразличен од другите, но во моето опкружување сите знаат дека сум трансродова личност и ме имаат прифатено таква каква што сум. Треба отворено да зборуваме за различностите за да не прифатат и остантите. Имам чувство дека многу луѓе не разбираат како е да се биде трансродово лице и со јавни излагања мислам дека можеме да ги промениме нештата на подобро.




# ВО ВИЕНА СЕ ОДРЖА КОНФЕРЕНЦИЈАТА **RED RULES 2021** ПОСВЕТЕНА НА СЕКСУАЛНАТА РАБОТА

## Што е всушност Red Rules Vienna?

Red Rules Vienna е уметнички перформанс, организиран од RedEdition во соработка со уметници, активисти и лица од заеницата.

Овој настан препознаен како фестивал беше поделен во 2 дела, и тоа конференциски дел, кој траеше 3 дена , и еден ден во кој се одржуваше перформанс наречен CITY OF WHORES.

## Која беше целта на настанот?

Целта на оваа конференција не беше само сензибилизација на општата јавност, туку и на научниците, медиумските работници и уметниците, а со самото тоа сакавме да ги разобличиме митовите и предрасудите поврзани со сексуланта работа.

## Кој учествуваше и од што се состоеше програмата?

Околу 15 учесници (предавачи, уметници, активисти) учествуваа на конференцијата, а околу 5/6 активисти и сексуални работници во уметничката инсталација.

Програмата се сочинуваше од неколку теми:

### Прв ден

Тајга Дерс зборуваше за разновидноста на индустријата и работната миграција.

Лука Стивенсон (Sex Work Europe) зборуваше за унапредување на правата на работниците во Европа: пречки, успеси и лекции од ICRSE – Меѓународен комитет за правата на сексуалните работници во Европа.

Лејди Велветстил - #медиумски курви - за напнатоста помеѓу сексуалните работи и медиумските пејзажи.

Потоа следуваше панел дискусија на тема: „Ангажирање на заедницата“ на која зборуваа Лука Стивенсон, Тајга Дерс, Џесика Стоја, Сабрина Санчез, Лејди Велвет Стил и Фабиен Фрејмад.

### Втор ден

Џесика Стоја -Дефиниција за духовност низ мислите и искуствата на работниците.

Анабел Идн- „Феминизам и сексуалната работа“

Тајга Дерс и Џамал Феникс – „Порно позади сцена“.

Сара Аблингер- „Прегрнување на сенките – вовед во свесно свртување“

Премиера на краткометражен филм The Undedetableable Peep Show - Катарина Кумер

### Трет ден

„Сексуалната работа во Австрија“ - Ренате Блум

„Надворешна помош“ - Ева ван Раен

„Германски закон за проституција наспроти безбедноста на сексуалните работници“ – Лиад Хусеин Кантрович

Панел дискусија за сексуалната работа во време на корона – Лиад Хусеин Кантрович, Анабел Идн, Сабрина Санчез

### Четврт ден

Се одржа перформансот именуван CITY OF WHORES под мотото „НЕМА ЛОШИ КУРВИ , САМО ЛОШИ ЗАКОНИ“. Оваа уметничка инсталација е идеја на Магда Воитчук, Натали Ананда Асман, Трајче Janушев и Лиза Керчер во соработка со активистите од колективот Red Edition.

Во целиот овој проект поддржан од градските власти на Виена учествуваа над 50 лица, уметници, активисти и сексуални работници.

Настанот се одржуваше од 22-ри до 25-ти септември 2021 година.



# AGENDA

## 23. - 25. September 2021




## INTERNATIONAL
## SEX WORK CONFERENCE
## VIENNA

# КОЛЕКТИВНАТА СОЛИДАРНОСТ, ПОДДРШКАТА И ИСТРАЈНОСТТА СЕ НАЈГОЛЕМАТА ГОРДОСТ НА СЕКСУАЛНИТЕ РАБОТНИЦИ ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА – **14-ТИ СЕПТЕМВРИ 2021**

По повод **14-ти септември - Меѓународниот ден на гордоста на сексуалните работници**, СТАР - Првиот колектив на сексуалните работници на Балканот ги сумира и одбележува постигнувањата и успесите во текот на годината на кои сме особено горди.




Во овој исклучително тежок период на пандемија со КОВИД-19, како заедница и како колектив се соочивме со различни предивици. Поради строгите законски ограничувања за време на пандемијата со КОВИД-19, сексуалните работници се соочија со губење на работата, драстично намалување на клиентите, а со тоа и губење на приходите од кои зависи егзистеницијата на нивните семејства. Како колектив на сексуални работници кој се залага за заедницата и има цел да ја заштити истата, се солидариzиравме и помогнавме на членовите на нашата заедница и нивните семјества.

Преку хуманитарната акција „ДОНИРАЈ, НЕ ДИСКРИМИНРАЈ“ и хуманитарната аукција „АКЦИЈА ЗА РЕКЦИЈА“ со поддршка од јавноста и општествено одговорни лица, како познати писатели/-ки, модни креатори/-ки, уметници/-чки и дизајнери/-ки, во 2020 година прибиравме средства наменети за справување со последиците од пандемијата со кои овозможивме континуирана поддршка во 2020 и 2021 година за лицата од заедницата кои се во исклучително тешка состојба од Скопје, Гостивар и Струмица. Со прибраните средства беа обезбедени пакети со прехранбено-хигиенски производи и парични ваучери за храна и хигиенски средства кои ги поделивме во повеќе хуманитарни акции.

Во текот на 2021 година продолжи со работа регионалниот параправен сервис кој дополнително даваше поддршка на членовите на заедницата од Скопје, Гостивар и Струмица во случаи на прекршувања на нивните човекови права и овозможуваше пристап и поврзување со останати услуги и сервиси за социјална и здравствена заштита.

Едно од најголемите постигнувања и покрај сите вонредни услови е организирањето на првиот Поп-ап настан, како креативна алатка за застапување со цел да го свртиме политичкото внимание кон процесите за декриминализација на сексуалната работа. Во мај 2021 година, беше организирана **„ПОП-АП вечера“,** на која за првпат во историјата на нашата држава на иста маса седнаа претставници на институциите (Министерство за внатрешни работи, Министерство за труд и социјална политика, Министерство за правда и Народниот правобранител) заедно со лица од заедницата и активисти, со цел активно и значајно вклучување на сите засегнати страни во донесување законски решенија во насока на декриминализација на сексуалната работа во Северна Македонија.



Исто така, во 2021 година го издадовме програмскиот и финансискиот извештај за нашето работење во изминатата декада, насловен **„Десетгодишен извештај за програмите, активностите и финансиското работење на Здружението за поддршка на маргинализирани работници СТАР-СТАР Скопје за периодот од 2010 до 2020 година“** кој беше промовиран пред нашата заедница, партнери и поддржувачи на јубилејниот настан „Декада на гласност, транспарентност и отчетност на сексуалните работници“, одбележан на крајот од месец мај 2021 година.




Признание за нашата работа добивме и од независната продукција Aral Sea Productions, кои по направените интервјуа со неколку организации во светот кои работат на заштита на правата на сексуалните работници, одлучија да дојдат во Северна Македонија и да нè вклучат во **документарниот филм Beyond the Red Light.** Снимањето на глобалната приказна за декриминализација и дестигматизација на сексуалната работа започна во Скопје, Струмица и Гостивар во мај 2021 година и ќе продолжи во декември 2021 година за време на традиционалниот Марш на црвените чадори кој се случува на 17-ти декември.



Ние како колектив сме исклучително горди што во исклучително тежок период на пандемија со КОВИД-19 успеваме да застанеме на страна на нашата заедница и заеднички да продолжиме во нови успеси. Горди сме што оваа пандемија не нè спречи да се солидаризираме, не нè спречи да ја покажеме нашата хуманост и нашата заложба за правата на сексуалните работници.



Во издание на:

СТАР

ПРВ КОЛЕКТИВ НА СЕКСУАЛНИ
РАБОТНИЦИ НА БАЛКАНОТ

Поддржано од:

FOUNDATION ФОНДАЦИЈА
OPEN ОТВОРЕНО
SOCIETY ОПШТЕСТВО
MACEDONIA МАКЕДОНИЈА

Ставовите изнесени во S-Work не нужно ги изразуваат или се во согласност со ставовите на издавачот Здружение за поддршка на маргинализирани работници СТАР-СТАР Скопје или на Фондација Отворено општество - Македонија.